Душанка Панкова
Скопје

# Пинокио

Во едно село крај морето си живееше стариот дрводелец Ѓепето. Делкајќи едно парче дрво, си зборуваше со себе си:

- Живеам веќе долго, а си немам дете. За пет години ќе имам 30 години повеќе отколку што има половина век.- Колку години има сега Ѓепето?

Ѓепето си помисли:

- А да си направам дете од парчево дрво?- и така почна да прави дете од дрво.



Дедо Ѓепето работеше цел ден внимателно за да го изработи секој дел од дрвеното дете. Доцна во ноќта дрвеното дете беше готово. За да го направи дедото употреби долго парче дрво, од кое употреби 15 цм за главата, 5 цм за вратот, 40 цм за трупот, 30 цм за рацете, 10 цм за дланките, 50 цм за нозете и 17 цм за стапалата и уште 5 цм за носот. Колкава должина имало парчето дрво?

Дедо Ѓепето му се радуваше на дрвеното дете, а дури и облека му соши. Задоволен од својата работа си рече:

- Колку би бил среќен да си вистинско дете и да другаруваме!



Тоа ги слушна вилата Синоличка, замавна со волшебното стапче и го допре дрвеното дете. Во тој миг дрвеното дете скокна од масата и почна да игра низ работилницата. Стариот Ѓепето не можеше да им поверува на своите очи. Беше пресреќен што му се исполни желбата и на детето му го даде името Пинокио.

Следното утро Ѓепето посака Пинокио да појде во училиште. И Пинокио беше воодушевен од идејата и веднаш прифати, па рече:

- Ќе бидам добар, татко. Ќе се гордееш со мене.

На пат кон училиштето Пинокио виде куклен театар. Ветувањето што му го даде на татка си веднаш го заборави. Билетот за претставата го плати со моливчето кое чинеше 15 денари, со вежбанката која чинеше двојно повеќе од моливчето и со читанката која чинеше три пати повеќе од вежбанката. Колку денари платил Пинокио за билетот?

Гледајќи ги марионетите на сцената, Пинокио толку се занесе, што скокна на сцената и заедно со нив пееше и играше. Сопственикот на театарот беше задоволен од претставата и на Пинокио му даде 5 златни парички.

Пинокио беше среќен што дома ќе однесе пари, но на патот кон дома го пресретнаа двајца итреци, Лисицата и Мачката. Тие се преправаа дека му се пријатели, а всушност сакаа само да го измамат ид а му ги земат паричките. Но, Пинокио ја насети нивната намера ии м викна:

- Не, не ви ги давам моите парички, ништожници!

Тоа многу ги налути Лисицата и Мачката, го фатија, го врзаа за едно дрво, му ги зедоа паричките, оставајќи го да умре. Притоа, за да го врзат убаво во три реда по два пати го обиколија Пинокио и дрвото со јаже кое за едно обиколување имаше должина од 110 цм, колку што изнесува и висината на Пинокио. Колку метри јаже употребиле злобните неранимајковци за да го врзат Пинокио?

За среќа, Пинокио не остана долго време врзан. Вилата Синоличка долета и го спаси.

- Што се случи Пинокио? Како се најде врзан за дрвото? Внимавај, зборувај ја вистината! -рече таа.

Пинокио почна да раскажува, но измислуваше своја приказна. Како што раскажуваше, така му растеше носот. Со секоја нова лага неговиот нос двојно се зголемуваше. Колку центиметри беше долг носот на Пинокио по четири измислици?



- О, кутар Пинокио-му рече Синоличка-Ако продолжиш со лагата носот ќе ти порасне уште повеќе!

Тогаш Пинокио и вети на Синоличка дека никогаш повеше нема да лаже. Синоличка замавна со волшебното стапче и од шумата долетаа клукајдрвци кои одвај чекаа да имаат интересна работа. На три дрва имаше 78 клукајдрвци. Кога од првото дрво одлетаа 9, на второто дрво останаа два пати повеќе клукајдрвци отколку на првото, а останатите беа на третото дрво. Колку клукајдрвци имаше на второто дрво, а колку на третото дрво?

Клукајдрвците се фрлија на работа. Го колвеа дрвениот нос на Пинокио дури не ја доби нормалната должина. Ако еден клукајдрвец исклука 3 цм за една минута, тогаш за колку време 5 клукајдрвци ќе го намалат носот на Пинокио до почетната должина?

Мина долго време, а на тагата на Ѓепето и немаше крај. Само што го доби синот, веќе го загуби. Откако Пинокио замина од дома изминаа два дена и пет часа. Колку минути поминаа откако Пинокио последен пат се виде со татка си?

Ѓепето беше многу несреќен, па затоа тргна да го бара Пинокио. Го бараше низ селото, во блиската шума, но не го најде. Тогаш реши да го бара преку морето и направи сплав од даски. За сплавот употреби 6 штици со форма на правоаголник со должина 240 цм и ширина 30 цм. Колку дм изнесува обиколката на една штица, а колкава е на целиот сплав?

Додека Ѓепето го бараше, Пинокио доживеа многу авантури. Кога Ѓепето тргна со сплавот по морето, Пинокио беше на пат кон дома. Во тој миг наиде еден голем морски бран и го преврте сплавот на Ѓепето. Бранот всушност беше еден голем кит кој ја отвори устата и го лапна сплавот на Ѓепето. Сето тоа Пинокио го виде од брегот и веднаш скокна во морето за да го спаси татка си. Пливаше со часови и барајќи го китот, се повеќе се оддалечуваше од брегот. Одеднаш нешто го повлече и тој се најде во устата на китот.

Во устата на китот Пинокио здогледа некаква треперлива светлина. Почна да и се приближува и тогаш го здогледа татка си. Кога се сретнаа, се прегрнаа и на нивната среќа и немаше крај.

Пинокио смисли како да избегаат оттаму. Го скокоткаше горниот дел од устата на китот, па тој толку силно кивна што сплавот излета во морето, далеку од китот.

Пинокио и Ѓепето мирно и безбедно запловија дома.

Сето тоа го следеше добрата вила Синоличка, која задоволна од добрината и храброста на Пинокио замавна со волшебното стапче и го претвори во вистинско момче. На среќата на Ѓепето и Пинокио и немаше крај.

